Made for minds.

# Кодекс на однесување

Нашите вредности. Нашиот став. Нашите постапки.

# Да живееме во склад со нашите вредности





Драги колешки и колеги,

Дојче веле (ДВ) допира до повеќе луѓе во светот од било кога претходно и кај нив ужива како независно гласило веродостојност и голем углед. Ние сакаме да ги информираме луѓето - особено таму каде што се изложени на пропаганда и цензура и каде што недостигаат различни гледишта. Притоа доловуваме и контроверзни ставови.

## Промовираме пристап до слободни информации и слобода на говорот ширум светот

Ширум светот го поттикнуваме пристапот до слободни информации и правото на слободен говор. Сите нас во ДВ нè обединува еден заеднички став: идејата за слобода, човекови права и високи етички стандарди, демократија и правна држава, отвореност кон светот, толеранција и транспарентност пред јавноста. Затоа отфрламе секаква форма на дискриминација како сексизам, расизам, антисемитизам и друго. И заради историската одговорност на Германија за Холокаустот, ние се изјаснуваме за правото на постоење на Израел. Тоа се вредностите за кои се залагаме, не само во новинарската понуда, развојно-политичките проекти и едукативни понуди од ДВ Академијата, туку и во секојдневното функционирање на луѓе од преку 160 нации со сета нивна разноликост.

Како медиумска компанија која дејствува глобално со законски мандат, сносиме посебна одговорност кон нашите корисници, проектни, дистрибутивни и деловни партнери, општеството и животната средина. Кодексот на однесување опишува како ние интерно и екстерно ја перцепираме таквата одговорност.

И во ДВ живееме и работиме со нашите партнери во склад со вредностите и принципите, нормите и стандардите, кои ги пренесуваме и поттикнуваме ширум светот.

Како надреден Кодекс за однесување, тој ги сумира обврзувачките принципи и насоки за однесувањето според кои се води нашето дејствување на дневна база и нашиот меѓусебен однос. Почитувањето на

правото и законите во нашето дејствување се неизбежни. Кодексот на однесување со тоа е во функција на обезбедување на законито однесување и етички беспрекорно работење на сите вработени на ДВ.

Друга појдовна точка се Главните вредности на ДВ, кои важат за целата компанија. Кодексот на однесување е важен предуслов за нашата репутација и нашиот успех - како во земјата, така и во целиот свет. Тој треба да ги сензибилизира сите кои во ДВ работат на исполнување на нашата задача, за значењето и исполнувањето на таквите принципи и постоечките интерни правила. Кодексот на однесување е обврзувачки за сите соработнички и соработници на Дојче веле и на нејзините сестрински фирми.

Ние сите како соработници на Дојче веле сме обврзани да го почитуваме и применуваме Кодексот на однесување со сите во него содржани насоки за однесување, а пред сè тоа се однесува на раководството и раководните структури бидејќи тие на посебен начин влијаат на компаниската култура. Раководните лица имаат функција на пример за другите. Тие мора да се погрижат вработените да го знаат и разбираат Кодексот на однесување. Освен тоа, нивна одговорност е доследно да постапуваат против секакво однесување кое не е во склад со важечките закони или со правилата за однесување и основните вредности на Кодексот на однесување.

Ќе ги испитаме прекршувањата на Кодексот на однесување и, доколку е потребно, ќе ги преземеме сите неопходни мерки, особено оние кои се однесуваат на трудовото право. Како радиодифузер кој се залага за слобода на говор и мислење ширум светот, овозможуваме и внатрешна клима која дозволува и поднесува оправдани приговори.

Ваш,
**Петер Лимбург**
Интендант

“Споделуваме заедничка визија.

# Кодекс на однесување

Кодексот на однесување е заснован врз и се однесува на сите закони што важат за ДВ и во ДВ, тарифните договори и интерни правила на ДВ, кои особено се содржани во Прирачникот2 на ДВ. Се разбира дека тие правила и насоки важат и под чадорот на Кодексот за однесување.

Ние како соработници имаме лична обврска да се запознаеме со нив. Прашања за поединечните правила одговараат раководните лица, назначените лица за Compliance и соодветните стручни служби.

# Што нè прави тоа што сме

## Нашето сфаќање – слободни информации за слободни одлуки

Нашата мисија: како независна, меѓународна медиумска куќа од Германија ги информираме луѓето ширум светот за да може слободно да одлучуваат.

Ние сме *Made for minds.* Во дијалог со нашите корисници и партнери на критичките мозоци во светот им пренесуваме нови перспективи врз основа на сигурни информации. Притоа на луѓето им овозможуваме слободен пристап до едукација. Им помагаме на луѓето слободно и независно да си формираат сопствено мислење, да го искажуваат слободно и така заедно да уредуваат отворени, демократски општества.

Тоа се нашите декларирани цели – подеднакво важно како целите е и патот кој води до нив: за тоа имаме јасни вредности кои ги делиме и јасни очекувања од нас самите и од односите со другите. Тие како црвена линија се провлекуваат низ сите наши производи и понуди и ги определуваат нашите секојдневни одлуки и нашето однесување.

## Со јасен став за слободата

Слобода, демократија и човекови права се темелите на нашата новинарска и развојно-политичка порака и на нашето

профилирање. Ние се залагаме за слободарските вредности и заземаме каде и да сме, независно и критички јасни позиции особено против било каков вид на дискриминација како сексизам, расизам и антисемитизам. Заради нашата германска историја имаме посебна одговорност спрема Израел.

### Отворени во дијалог, поврзани ширум светот

Потребите и животната стварност на луѓето се во центарот на нашето дејствување, во новинарската и понудата од ДВ Академијата. Космополитски, глобални и регионално поврзани сме во дијалог со луѓето ширум светот. Нашите понуди нудат нови перспективи, каде и кога и да се потребни. Ние поттикнуваме конструктивна размена и на секој човек му пристапуваме со почит – секогаш и секаде.

### Основано знаење, многубројни перспективи

Нашата разноликост и експертиза се нашиот најголем капитал. Ние со љубопитство гледаме на светот, храбро чекориме по нови патишта, поставуваме критички прашања и нудиме издржани, независни одговори.

> „Ги споделуваме нашите идеи и ја користиме различноста за да го поттикнеме нашиот заеднички успех.

Мултилингвално дома во повеќе од 160 земји од светот, заедно со луѓето кои ни се корисници и со партнерите создаваме атрактивни понуди од највисок квалитет и релевантност. Ние го поттикнуваме развојот на слободни медиумски системи, овозможуваме пристап до информации и поставуваме стандарди за образование и независно новинарство. Ние ги делиме нашите идеи и ја користиме нашата разноликост за заеднички успех.

Тие вредности се основата за нашите правила за однесување – за продуктивна соработка и за меѓусебно почитување.

# Нашето почитување на законите и правилата

Кодексот на однесување со неговите правила за однесување го регулира општото меѓусебно функционирање во ДВ и го отцртува вредносниот систем за нашата дневна работа, и во новинарскиот дел. Се разбира дека под закрилата на Кодексот на однесување и натаму важат законите и специфичните правила на компанијата.

Раководството и раководните сили претставуваат примери за другите и имаат обврска да влијаат во правец на почитување на Кодексот на однесување.

Посебно внимание ДВ очекува од своите соработници за следните точки; прекршување на истите ќе биде трудово-правно санкционирано.

## Забрана за дискриминација според Општиот закон за недоскриминација

Ние како во нашите релации, така и во нашата понуда не толерираме дискриминација според наведениот закон, како сексизам, расизам и антисемитизам. Ние не дискриминираме ниту соработници, ниту партнери, ниту трети лица со кои стапуваме во контакт во рамки на нашата работа, ниту од антисемитски или расистички мотиви или заради етничката припадност, полот, религијата или светогледот, попреченост, возраст или сексуална ориентација. Строго отфрламе мобинг и сексуално вознемирување. Забранети се и ширењето неточни тврдења за одредени личности и навреди.

Ние имаме нула толеранција за однесување кое шири омраза и е кривично дело, особено негирањето или релативизирањето на Холокаустот.

## Граници на слободата на говор

Ние сме свесни дека нашата слобода на говор завршува онаму каде што се пречекорува забраната за мобинг, сексуално вознемирување и други однесувања што ја повредуваат честа, невистинити тврдења, злонамерно набедување и навредување.

Ние сме свесни дека изјави со кои се негира и релативизира Холокаустот не се опфатени од слободата на говорот.

> “Дискриминацијата нема да биде толерирана, ни во нашите взаемни односи, ниту во нашата понуда.

Ние како соработници на ДВ сме обврзани за време и надвор од работењето за ДВ при јавни изјави, меѓу другото и на социјалните мрежи, и други објави во однос на формата и содржината да ја практикуваме воздржаноста и умереноста која произлегува од нашата одговорност спрема вредностите на ДВ и од договорната обврска од работниот однос за обзири и лојалност спрема ДВ како работодавач и спрема другите соработници. Ние во однос на нашата позиција и нашите задачи во ДВ сме обврзани нашето вон-работно, јавно однесување да биде на начин што нема да ги загрозува угледот и легитимните интереси на ДВ. Било какви дискриминирачки, вклучително и сексистички, расистички и антисемитски изјави во секој случај треба да бидат избегнати и може да доведат до трудово-правни последици сѐ до раскинување на договорот за вработување.

Ние како соработници сме запознаени со за нас основните закони, тарифни договори, ДВ-интерни правила и особено во ДВ Прирачник содржаните прописи кои се релевантни за нашиот сектор и секако се придржуваме до нив. Кодексот на однесување не ги исклучува таму содржаните правила, туку тие и натаму имаат важност.

# Нашите релации

### Почит

Живееме искрен соживот со почит.
Ја цениме секоја личност независно од нејзиното потекло, пол, религија, попреченост, возраст или сексуален идентитет.
Почитуваме различни мислења.
Имаме нула толеранција спрема сексуално вознемирување на работното место.
Одбиваме злоупотреба на моќта во било каква форма.

### Транспарентност и соработка

Отворено и навремено ги проследуваме информациите.
Работиме заедно надвор од просторни ограничувања, дирекции или оддели.
Подготвени сме за новитети и иновации. Почит, транспарентност и кооперација, доверба, лојалност и култура на конструктивен фидбек и водството и работата спрема поставените цели се темелите на нашата меѓусебна работа.

### Доверба

Ние сме отворени и автентични.
Ние сме веродостојни и одговорно стоиме зад нашите изјави.
Ние креираме работна атмосфера во која е можна отворена комуникација и критички фидбек.

> “Ние сме отворени и автентични.

## Култура на давање конструктивен фидбек

Ние живееме во култура на конструктивен фидбек, со тоа што го преиспитуваме постоечкото, бараме нови патишта, рефлектираме за нашето однесување.
Грешките ги користиме како шанса за наше подобрување.
Убедени сме дека луѓето се развиваат и може да ги променат своите ставови.
Ние истрпуваме конфликти и ги решаваме.
Ние не шириме невистинити факти за претставнички и претставници на ДВ, за претпоставените и нашите соработници.

## Лојалност

Ние сме лојални на вредностите и стратегиите на ДВ.
Процесите за промени активно ги креираме.
Ние се залагаме за искреност и интегритет.

## Дејствување водено од поставени цели

Ние работиме со лична одговорност на остварувањето на целите на ДВ.
Ние инспирираме со нови идеи и со тоа се грижиме за иновација.
Ние сме ориентирани кон успех.



# Нашиот третман на партнери и трети лица

## Интелектуална сопственост

Ние ја почитуваме интелектуалната сопственост на трети лица со почитување на важечките закони.

## Конфликт на интереси

Носиме деловни одлуки во интерес на ДВ. Притоа не дозволуваме влијание да имаат приватни интереси и врски.

Можни конфликти на интерес самите проактивно ги откриваме.

Внимаваме на тоа нашите деловни и бизнис партнери да немаат конфликт на интереси.

## Корупција и пружање повластици

Одбиваме секаква форма на корупција и избегнуваме било каков привид дека сме корумпирани.

Било каква форма на стекнување некаква бенефиција, подмитување или други форми на лично дарување, ги одбиваме.

## Деловни партнери

При изборот на нашите деловни партнери ние ја применуваме *„DW Declaration of Values“*.

## “Ние носиме одлуки во интерес на ДВ.

### Подароци и останати бенефиции

Ние одбиваме подароци, покани и (новинарски) попусти кои ја ставаат под прашање нашата независност и може да доведат до нестручни или необјективни одлуки за деловни мерки.

Други подароци, покани или други бенефиции примаме само со целосна транспарентност и со почитување на важечките закони и интерните правила на куќата.

Ние самите нудиме подароци и покани само во пригодни рамки. За тоа дали нештото е пригодно се водиме според гледиштето во Германија, при што се зема во предвид и земјата за која е наменето.

### Налози и набавки

Ние набавуваме производи, услуги и продукции според квалитетот, економичноста и конкуренцијата врз основа на важечките закони и интерните правичa на куќата. Одлуките за набавки се базираат на објективно уочливо квалитети на производот и услугата на понудувачите. Недозволиви се договарања на штета на конкуренцијата.

# Начинот на кој ги третираме информациите

## Доверливост

Деловните тајни и доверливите информации ги третираме со нужна внимателност. Тоа важи за редакциските содржини, како и за сите други документи кои не се подобни или наменети за широки народни маси.

Доверливи информации, дури и ако се во дигитална форма, ги правиме достапни само на соработниците кои нужно мора да се занимаваат со нив.



## Заштита на податоци

Ги собираме само нужните податоци (штедливост со податоци).

При законски дозволеното собирање, користење и обработка на податоци поврзани со луѓе, ние се погрижуваме да има строга доверливост и ги штитиме на тој начин од злоупотреби.

При одлуката каде ќе бидат зачувани податоците и дали треба да бидат енкриптирани, се водиме според нивната доверливост.

## ИТ и безбедност на информациите

При работата со ИТ системи ги почитуваме правилата и насоките на ИТ и безбедноста на информациите, за да спречиме злоупотреба на системите, од внатре и од надвор.

Свесни сме за опасностите за информатичката безбедност на ДВ кои може да произлезат од невнимателно користење на ИТ системи, и соодветно на тоа се однесуваме со претпазливост.



“Внимателно се однесуваме со податоците.

# Нашата комуника-
# ција со јавноста



“Ние појаснуваме дали настапуваме во својство на приватно лице или на соработник на ДВ.

Ние не одговараме самостојно на прашања од новинарки и новинари, односно од медиумски куќи, кои се однесуваат на ДВ како компанија, туку генерално ги спроведуваме до Corporate Communications кои ги координираат и пренасочуваат таквите прашања.

По сите патишта за комуникација појаснуваме дали настапуваме или сме активни како приватно лице или во својство на соработник на ДВ.

Ние се занимаваме со спореден ангажман кој може да има јавна димензија само со дозвола стекната во рамки на интерните постапки за одобрување, за да се спречат можни конфликти на интерес.

# Нашите безбедносни и стандарди за одрж-ливост

“Се однесуваме одржливо.



Се држиме на насоките за заштита на работа и на здравјето.

Ги почитуваме нашите правила за ангажман во кризни региони.

Се однесуваме одржливо со тоа што ресурсите кои ни се на располагање ги користиме особено еколошки и штедливо и внимаваме на повторна употребливост.

Внимаваме на тоа нашето дејствување да не предизвикува несакани негативни последици врз нашите пратнери *(“do no harm”).*



# Како се однесуваме со имотот на компанијата

Нашите средства за работа и другиот имот на ДВ го третираме со должно внимание.
Нашите резултати од работата ги ставаме на располагање на ДВ.
При користењето на средствата за работа го почитуваме начелото на штедење и економичност.



“Внимаваме на економичност и штедење.


Made for minds.

# Нашите уредувачки **принципи и стандарди**

Свесни сме за нашата одговорност која ја имаме спрема јавноста како креатори на јавното мислење и внимателно се однесуваме.

Нашата задача ја исполнуваме врз основа на законот за ДВ и Кодексот на однесување.

Уредувачки и новинарски работиме независно и не дозволуваме да ни влијаат интересите на трети лица.

Ја почитуваме разноликоста на мислења и поттикнуваме дијалог.

Ги почитуваме принципите на новинарската обврска за претпазливост, темелно истражуваме и известуваме издржано и балансирано.

Се држиме на правилата за разделување на рекламите и редакциските содржини.

Се обврзуваме да ја почитуваме приватноста и коректно да се однесуваме со информации, мислења и слики.

Ги почитуваме Social-Media-Guidelines на ДВ и publizistischen Leitlinien der Chefredaktion.





> “Внимаваме на новинарското начело на темелност.

# Насоки за спроведу-вање на Кодексот за однесување

## Мерки на ДВ при повреда на правилата

При повреда на правилата ДВ ќе преземе соодветни мерки за разјаснување и ефикасно спречување на идни слични појави. Тоа значи дека најпрво со дотичните во заеднички разговор се објаснува значењето на Кодексот на однесување за да се постигне промена на однесувањето во склад со во него содржаните правила. Во зависност од тежината на повредите ќе се преземат нужни и соодветни трудово-правни мерки, кои во даден случај може да опфатат и вонредно раскинување на договорот за работа или договорот на дело.

## Следниве прашања може да Ви помогнат во почитувањето на Кодексот на однесување

Дали ги почитувам релевантните законски и интерни правила?
Дали една одлука навремено ја имам координирано со други сектори кои треба да бидат вклучени?
Дали одлуката ја носам ослободен од личен интерс, исклучиво во интерес на ДВ?
Какво е надворешното влијание на одлуката? Дали одлуката би била издржана ако ја оценуваат трети лица? Дали ќе го засегне добриот имиџ на ДВ?
Дали одлуката ја носам со мирна совест?

Ако без никакви дилеми сите прашања ги одговорите со “да”, тогаш одлуката би требало да биде во склад со Кодексот на однесување. Ако примодговарањето не сте сигурни, следните адреси ќе Ви помогнат.

# Кому да се обратите во случај на нејаснотии



**Во случај да не сте сигурни или да имате прашања за почитувањето на Кодексот на однесување обратете се на Вашите раководни лица или на назначеното лице за Compliance.**



## Адресати во случај на повреди

Кодексот на однесување е обврзувачка регулатива за сите соработници на ДВ.

Ако во компанијата забележите можна повреда на правилата, најпрво е важно да се адресира личноста за која Вие сметате дека ги повредува правилата. Разговарајте со нас ако Вие сте предмет на повреда на правилата.

Во зависност од видот на повредата, информирајте го за случката Вашиот претпоставен или задолжената за Compliance, Annelie Gröniger:
compliance@dw.com
+49.228.429-2105

Секако дека може да се обратите и на другите адресати, особено до Персоналниот оддел, на екстерниот посланик за корупција или лицата задолжени за заштита од сексуално вознемирување.

Во секој случај може да сметате на тоа дека Вашето мислење ќе биде третирано со нужната доверливост.

## Мерки на ДВ при повреди

При повреда на правилата ДВ ќе преземе соодветни мерки. Тоа значи дека прво во разговор со дотичните вработени во заеднички разговор ќе се објасни значењето на Кодексот за однесување за да се постигне промена на однесувањето во склад со правилата фиксирани во него. Постои и можноста при повреди да се преземат трудово-правни мерки во рамки на важечките закони.

Ноември 2022 | © DW